# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ (СПЕЦИЈАЛИСТ) ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАКСИЛОФАЦИЈАЛНА ХИРУРГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, на својата 97. седница одржана на 10.9.2013 година, донесе Одлука бр. 2502-174/14 за распишување Конкурс за избор на асистент - специјалист (еден извршител) за научната област *максилофацијална хирургија* на Факултетот за медицински науки. На 22.10.2013 година, Наставно-научниот совет донесе Одлука број 2502-223/63 и Решение број 2502-223/80, 81, 82 за формирање на Рецензентска комисија за асистент за научната област максилофацијална хирургија на Факултетот за медицински науки, во следниов состав:

– проф. д-р Владимир Поповски, редовен професор, специјалист по максилофацијална хирургија, вработен на ЈЗУ Универзитетска клиника за максилофацијална хирургија, Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – претседател;
– проф. д-р Даница Поповиќ - Моневска, вонреден професор, специјалист по максилофацијална хирургија, вработена на ЈЗУ Универзитетска клиника за максилофацијална хирургија, Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - член,
– проф. д-р Цена Димова, вонреден професор, специјалист по орална хирургија, вработена на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип - член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Нова Македонија" и „Лајм" на 2.10.2013 година.

Врз основа на пријавата и доставената документација, како и по нивното разгледување, Рецензентската комисија го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот Конкурс во предвидениот рок се пријави кандидатот д-р Владимир Милошев, специјалист по максилофацијална хирургија, вработен на Одделението за максилофацијална хирургија при Клиничка болница во Штип.

***Биографски податоци и наставна, научна и стручна дејност***

**Д-р Владимир Милошев** е роден на 6 август 1965 година во Штип. По завршувањето на основното и средно образование во Штип, во 1984 година се запишува на Стоматолошкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во 1989 година студиите ги завршува успешно, со средна оценка 8,80, стекнувајќи се со диплома доктор на стоматологија.

Од 1992 до 2004 година работи на Стоматолошки оддел при Медицински центар во Штип. Во 2004 година ја започнува специјализацијата по максилофацијална хирургија на Клиниката за максилофацијална хирургија при Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во јуни 2008 година успешно ја завршува специјализацијата и со полагање на специјалистички испит се стекнува со звањето специјалист по максилофацијална хирургија.

Активно се служи со англискиот јазик. Поседува одлично познавање на работа со компјутери, користејќи ги апликативни програми од групата на Microsoft office (Word, Excel, Power Point), SPSS.

Во периодот од 1992 до 2004 година д-р Владимир Милошев држи настава во средното медицинско училиште во Штип и тоа по предметите: Стоматохирургија и Коронки и мостови.

Тој е постојан судски вештак и член на референтни професионални и стручни асоцијации, меѓу кои поважни се:

- член на Лекарска комора на Р. Македонија;
- член на Стоматолошка комора на Р. Македонија;
- член на European Association for Cranio-Maxillo-Facial Surgery;
- член на Комисија за стручни стоматолошки прашања и континуирана стоматолошка едукација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Д-р Владимир Милошев активно учествува со свои трудови и презентации на конференции, конгреси во земјава и во странство, како автор и коавтор и во прилог на документацијата ги доставува следниве трудови за рецензија:

***Активно учество на конференции и Конгреси со постер и усни презентации***

1. **Милошев, В.**, Кировски, И., Милошева, Л. (2002). *Темпороманибуларниот зглоб и болката*. Зборник на апстракти. III Стоматолошки конгрес, септ.11-14, Охрид, Македонија, стр. 108.

Цел на трудот е да се утврди дали постои поврзаност помеѓу интензитетот на болката и психолошките фактори. Мултикаузалната природа на овој тип на болка бара нужно и мултидисциплинарен пристап. **Трудот има стручна вредност.**

2. Милошева, Л., **Милошев, В.,** Кировски, И. (2002). *Психолошките фактори и дисфункциите на ТМЗ*. Зборник на апстракти. III Стоматолошки конгрес, септ.11-14, Охрид, Р. Македонија, стр. 109-110.

Целта на овој истражувачки труд е на пригоден примерок од две групи болни со дијагностицирани дисфункции на ТМЗ од Штип (35) и од Скопје (35) и контролна група (личности без посебни стоматолошки заболувања) со намера да се утврди дали постојат психолошки карактеристики на личноста со дијагностицирани дисфункции на ТМЗ кои ја одликуваат личноста и претставуваат нејзино дистинктивно обележје. **Трудот има стручна и апликативна важност.**

3. **Milosev, V.,** Kirovski, I., Miloseva, L.(2002). *Temporomandibylar Joint (TMJ) and the pain*. Abstract book ICMM2002. 34$^{th}$ International Congress on Military Medicine, Sept. 15-20, Sun City, South Africa, p.307.

Во овој истражувачки труд на примерок од 70 испитаници со дијагностицирани дисфункции на ТМЗ, корелативна анализа укажува на постоење на сигнификантна корелација на интензитетот на болката со високото ниво на анксиозност (на ниво p-0.01) и вкупниот скор на емоционален стрес (на ниво p-0.05). **Трудот поседува стручен, научен и апликативен карактер.**

4. Miloseva, L., **Milosev, V.,** & Kirovski, I.(2002). *Psychological characteristics of the person as predesponated factors for dysfunctions of TMJ*. Abstract book ICMM2002. 34$^{th}$ International Congress on Military Medicine , Sept. 15-20 , Sun City, South Africa, p.306.

Квантитативната и квалитативната анализа на добиените резултати во овој труд укажуваат на сигнификантно присуство на психички карактеристики во профилот на личностите со дијагностицирани дисфункции на ТМЗ. Анксиозноста како најважен предиспонирачки фактор, во однос на испитуваните психички карактеристики се покажа како најважен предиспонирачки фактор. **Трудот има стручна и апликативна важност.**

5. Miloseva, L., & **Milosev, V.** (2006). *Psychological and Psychosocial implications of head and neck cancer.* First Macedonian Congress on Maxillofacial and Neck Surgery, May 25-27, 2006, Ohrid, R. Macedonia.

Цел на трудот е да се нагласи важноста на психолошките фактори, како и психосоцијалните импликации од сознанието за постоење на дијагнозата на карцином на глава и врат. Прашањата поврзани со карциномот на глава и врат се комплексни и затоа е важно при соочувањето со дијагнозата да се има предвид начинот на комуникацијата на медицинскиот персонал, како и на присуството (отсуството) на психолошката поддршка од семејството и значајните други луѓе. **Трудот има стручна значајност.**

6. Milosev, V., & **Miloseva, L**. (2007). *Can we implement Positive Psychology in treatment of patients with head and neck cancer?* CD Proceedings. Second Congress of Plastic, Reconstructive and Maxillofacial Surgery, April , 23-25, Tuzla, BiH.

Фокусот на овој труд е анализа на можностите за имплементирање на психолошки интервенции и третман, пред и по завршените хируршки интервенции кај пациенти со дијагностициран карцином на врат и глава. **Трудот поседува стручна и апликативна вредност.**

7. Miloseva, L., **Milosev,V.** (2009). *Biomedical versus Biopsychosocial model in medicine– needs of curriculum development*. Mednarodna znanstvena konferenca: Spremembe v sistemu vzgoje in izobrazevanja, April, 3-4, Zalec, Slovenia, Zbornik prispevkov, p.406-411.

Во овој труд, преку изнесување на споредбена анализа на курикулумите од медицинските факултети, се укажува на неопходноста од замена на биомедицинскиот модел, како застарен модел, со биопсихосоцијалниот модел на болест и здравје. **Трудот има стручна и практична важност.**

8. Miloseva, L.**, Milosev, V.**, & Velinova, V. (2009). *Positive Psychology Interventions in Patients with Head and Neck Cancer.* IV th Macedonian Psychiatric Congress and International Meeting. May, 27-31, 2009, Ohrid, Macedonia.

Во трудот е направена споредба на резултатите од применети позитивно психолошки интервенции во едната од две групи на пациенти со карцином на глава и на врат, на кои била спроведена хируршка интервенција. Подобрувањето на квалитетот на живеење и социјалното функционирање било евидентно во групата во која биле спроведени психолошките интервенции. **Трудот поседува стручно-научен и апликативен карактер.**

9. **Milosev, V.,** Miloseva, L., & Velinova, V. (2009). *Quality of Life and Hope in Patients with Head and Neck Cancer.* IV th Macedonian Psychiatric Congress and International Meeting. May, 27-31, 2009, Ohrid, Macedonia.

Во првиот дел од спроведеното истражување на 65 пациенти со дијагностициран карцином на глава и врат на Одделението за максилофацијална хирургија при Клиничка болница во Штип се презентирани резултатите кои се однесуваат на можностите за подобрување на квалитетот на живеење на пациентите по извршената хируршка интервенција. **Трудот има стручна важност.**

10. Miloseva, L., **Milosev,V.**(2009).*Mental health: Emotional Literacy Prevention Program*. XIV European Conference on Developmental Psychology, August 18-22, Vilnius, Lithuania.

Во трудот е презентирана превентивна програма за изразување на емоциите, која може да најде примена во детската медицинска психологија и стоматологија. **Трудот поседува стручен и практичен карактер.**

11. Miloseva, L., & **Milosev, V**.(2009). *A New Challenge : Model of Positive Health and Clinical Psychology*. 23 rd Conference of the European Health Psychology Society . September, 23-26, Pisa, Italy.

Направен е прегледен приказ на новите можности и предизвици за примена на позитивната здравствена и клиничка психологија во медицината. **Трудот поседува практична важност.**

12. **Milosev, V.,** & Miloseva, L.(2009).*Oral and Maxillofacial Rehabilitation of Head and Neck Cancer Patients*. Annual meeting of the Croatian Society of maxillofacial , plastic and reconstructive head and neck surgery. December, 10-12, University Hospital Dubrava, Zagreb.

Главна цел на трудот е да се фрли светло на ефектите од рехабилитацијата на пациентите со карцином на врат и глава со имплантирана протеза, со посебен акцент на планирање на третманот, прифаќање на имплантот, потоа резултатите од третманот и квалитетот на живеење. **Трудот поседува стручно-научен и апликативен карактер.**

13. Miloseva, L., & **Milosev,V.** (2009). *Psychological issues : Quality of Life and Hope in Patients with Head and Neck Cancer*. Annual meeting of the Croatian Society of maxillofacial, plastic and reconstructive head and neck surgery. December, 10-12, University Hospital Dubrava, Zagreb.

Во спроведеното истражување на 65 пациенти со дијагностициран карцином на глава и врат на Одделението за максилофацијална хирургија при Клиничка болница во Штип, акцентот е ставен на значајните разлики помеѓу квалитетот на живот и нивото на надеж

кај пациентот пред и по третманот, како и на потребата од психолошка поддршка. **Трудот поседува стручно-апликативна важност.**

**14.** Miloseva, L., & **Milosev,V.** (2009). *New Perspectives in Psychology: Clinical Psychology, Health Psychology and Psychotherapy.* Scientific Conference: Current Trends in Psychology, October, 23-24, Faculty of Philosophy, Novi Sad.

Во овој прегледен труд се претставени нови можности за примена на принципите и научните знаења од клиничката психологија и психотерапија во општата и денталната медицина. **Трудот има стручно-апликативна значајност.**

**15.** **Milosev, V .** (2012). Case study: malignant neoplasm of skin in the maxillofacial region. *Balkan Medical Week,* 22-23.09. 2012, Nis, Serbia, Book of abstracts.

Во трудот е прикажан случај на болен со инвазивен планоцелуларен карцином. По хируршко отстранување на истиот е направена реконструкција на дефектот со локален транспозиционен резен. **Трудот поседува стручна важност.**

***Печатени трудови од областа максилофацијална хирургија***

**16.** **Милошев, В.** (2008). *Проблеми кои ги разрешува таксилофацијалната хирургија.* MEDICUS - информативен гласник на јавното здравство - Штип, (3) 5: 21. ISSN 1857-5994.

Цел на овој прегледен труд е презентирање на проблемите кои ги проучува и разрешува максилофацијалната хирургија како млада хируршка дисциплина. **Трудот поседува практична важност.**

**17.** **Милошев, В.** (2009). *Расцепи на уста и непце.* MEDICUS – информативен гласник на јавното здравство - Штип, (4) 7: 19. ISSN 1857-5994.

Во трудот се прикажани вродените аномалии - расцепите на устата и непцето, етиологијата за појавата на расцепите и нивниот третман. **Трудот има стручна и апликативна важност.**

**18.** **Милошев, В.** (2010). *Малигни неоплазми на кожа во максилофацијалната регија: приказ на случај.* MEDICUS – информативен гласник на јавното здравство - Штип, (5) 10. ISSN 1857-5994.

Во овој труд се опишани малигните неоплазми на кожата во лицевата регија, нивна класификација и приказ на еден случај на болен опериран од планоцелуларен карцином на кожата, на десна страна на лице. **Трудот е со стручна важност.**

**19.** **Милошев,В.** (2011). *Невралгични болки во максилофацијалната регија.*MEDICUS – информативен гласник на јавното здравство - Штип, (6) 11: 7-8. ISSN 1857-5994.

Во овој истражувачки труд е опишана невралгичната болка на тригеминалниот нерв. Извршена е опсервација кај 18 испитаници, од кои 12 се третирани конзервативно, а 6 хируршки. Кај хируршко третираните е применета методата на невроексереза на завршните гранки на тригеминалниот нерв. **Трудот има стручно-апликативна важност.**

**20.** **Милошев, В.,** Милошева, Л. (2012). *Миофацијален болен синдром во краниомандибуларна регија.* MEDICUS – информативен гласник на јавното здравство - Штип, (7) 14: 25-26. ISSN 1857-5994.

Во овој труд се укажува на потребата од продлабочените интередисциплинарни знаења кои придонесуваат не само да се разбере миофацијалниот болен синдром (МПС) и миофацијалните тригер точки (МТР), туку и нудат ефективни приоди за ослободување од болка, како и можности да ги вратат функциите и да придонесат значајно за квалитетот на живеење. **Трудот поседува стручно-апликативно значење.**

**21.** Милошева, Л. **Милошев, В.** (2012). *Ризично и импулсивно однесување, депресија кај адолесценти, низ призма на neuroimaging студии на развој на мозок.* Зборник / Annual Miscellaneous Collection, ФОН, УГД: 95 -117.

Авторите направиле приказ на референтни истражувања од imaging студии со магнетна резонанца (MRI), дифузија тензор imaging (DTI) студии, функционални (fMRI) студии на развојот на мозокот и однесувањето на адолесцентите, кои се обидуваат да го објаснат ризичното и импулсивно однесување, како и депресијата во адолесцентниот период. **Трудот има стручно - апликативна важност.**

22. **Милошев, В.** (2013). *Развојни цисти на вилиците*. MEDICUS–информативен гласник на јавното здравство - Штип, (8) 17: 31-32. ISSN 1857-5994.

Во овој прегледен труд се опишани развојните цисти на вилиците, според прифатената класификација на Светската здравствена организација (WHO). **Трудот е со стручен карактер.**

23. **Милошев, В.,** Милошева, Л. (2013). *Дијагноза на тумори во максилофацијалната регија*. MEDICUS - информативен гласник на јавното здравство - Штип, (8) 18: 22. ISSN 1857-5994.

Целта на овој труд е да се даде краток преглед на медицинско- дијагностичките процедури и методи кои најчесто се користат при дијагностицирање на тумори во максилофацијалната регија. **Трудот има стручно значење.**

24. Милошева, Л., **Милошев, В.** (2013). *NEUROIMAGING методологијата и студиите на развој на мозокот кај адолесцентите*. MEDICUS–информативен гласник на јавното здравство - Штип, (8) 18: 20-21. ISSN 1857-5994.

Во овој прегледен труд е даден приказ на студии на развој на мозокот кај адолесцентите во кои биле користени neuroimaging методи. **Трудот е со стручен карактер.**

***Учество на симпозиуми, сертифицирани работилници и едукативни курсеви***

1. *The First Macedonian Congress on Maxillofacial and Neck surgery* with International participation, Macedonian Association for Maxillofacial Surgery & Macedonian Medical Association, Ohrid, 25 - 27. 05. 2006.
2. *Facial trauma* (2007). Educational Certificated Course, European MCMFS, Skopje, 02-03.2007.
3. *Tumours of oral and Maxillofacial Region Neck Dissections, Contemporary diagnostic and treatment principles* (2008)**.** Certificated course by EACMFS**.** May, 09-10, 2008. European ACMFS Educational Center, University Clinic for Maxillofacial Surgery , Skopje, Republic of Macedonia.
4. *Salivary gland diseases*. (2008). Certificated course by EACMFS**.** November, 07-08, 2008. European ACMFS Educational Center, University Clinic for Maxillofacial Surgery, Skopje, Republic of Macedonia.
5. *Dentofacial Deformities, Distraction Osteogenesis, Clift Lip and Palate*.(2009). Certificated course by EACMFS**.** May, 15-16, 2009. European ACMFS Educational Center, University Clinic for Maxillofacial Surgery, Skopje, Republic of Macedonia.
6. *Facial Aesthetic Surgery*. (2009). Certificated course by EACMFS**.** November, 20-21, 2009. European ACMFS Educational Center, University Clinic for Maxillofacial Surgery, Skopje, Republic of Macedonia.
7. *Симпозиум за хемофилија* (2010) - Континуирана медицинска едукација, Здружение на трансфузиолози на РМ , 9 - 10.4.2010.
8. *Брза и ефикасна контрола на крвавења кај лица со вродена и стекната хемофилија и инхибитори*, Здружение на трансфузиолози на РМ, 2010.
9. Стручен состанок: *Периферна васкуларна болест, дијагноза, третман, превенција,* Здружение на лекари по општа медицина и Специјална болница „Филип Втори“.
10. Учество на тркалезна маса на *III конгрес на хирурзите на Македонија*, МЛД и ЛКМ, 12-15.5.2010.
11. Секциски состанок на Здружението на максилофацијалните хирурзи на Република Македонија, Скопје, 9.12.2010.
12. Стручен состанок, Универзитетска клиника за хематологија и Hoffmann-La Roche, Скопје, 30.9.2011.
13. *Surgery of the Lower third of the Face and Neck* (2012). Certificated course by EACMFS**.** June, 22-23, 2013. European ACMFS Educational Center, University Clinic for Maxillofacial Surgery, Skopje, Republic of Macedonia.
14. *Facial Aesthetic Implant and Preimplant Surgery* (2013). Certificated course by EACMFS**.** April, 19-20, 2013. European ACMFS Educational Center, University Clinic for Maxillofacial Surgery, Skopje, Republic of Macedonia.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за единствени критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и според детална анализа на приложената документација со која се аргументирани табеларно наведените активности, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот д-р спец. Владимир Милошев ги исполнува **општите, формалните и суштинските условите за соработничко звање асистент (специјалист) од научната област максилофацијална хирургија.**

Земајќи ги предвид сите овие факти, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, **кандидатот д-р Владимир Милошев да го избере во соработничко звање асистент (специјалист) од научната област максилофацијална хирургија** на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Владимир Поповски, с.р.**
**Проф. д-р Даница Поповиќ - Моневска, с.р.**
**Проф. д-р Цена Димова, с.р.**

## П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активностите на д-р Владимир Милошев од научната областа максилофацијална хирургија, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Ред. број | Наставно-образовна дејност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 9. | Научнопопуларна статија во стручно-методско списание (бр. 16-20, 22-24) | 8 | 1 | 8 |
| 32. | Статија во наставно-образовно списание (бр. 21) | 1 | 4 | 4 |
| | Вкупно: | | | 12 |
| **Ред. број** | **Научноистражувачка дејност** | **Бодови** | **Поени** | **Вкупно** |
| 9. | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство | | | |
| | Во земјава (бр.5 - постер) (бр.1,2 усно) | 1 | 1 | 1 |
| | | 2 | 1.5 | 3 |
| | Во странство (бр.8,10 постер)(бр.3-7, 9,11- 15 усно) | 2 | 1.5 | 3 |
| | | 10 | 2 | 20 |
| Вкупно: | | | | 27 |
| **Ред. број** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Бодови** | **Поени** | **Вкупно** |
| 15. | Техничко (стручно) унапредување(сертифицирано учество на симпозиуми, сертифицирани работилници и едукативни курсеви) | 14 | 2 | 28 |
| 28. | Член на институтски орган, комисија (член на Комисија за стручни стоматолошки прашања и континуирана стоматолошка едукација на ФМН, УГД) | 1 | 2 | 2 |
| | Вкупно: | | | 30 |
| | | | ВКУПНО | 69 |